**20191041302**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА

Се прогласува Законот за социјална сигурност за старите лица,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21мај 2019 година.

Бр. 08-3030/1
21 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со овој закон се уредува социјалната сигурност за старите лица, условите и постапката за остварување и финансирањето на правото на социјална сигурност за старите лица.

Член 2

Социјалната сигурност за старите лица се обезбедува согласно со начелата на социјална праведност, хуманост и солидарност.

Член 3

Право на социјална сигурност за старите лица има лице со навршени 65 години возраст под услови утврдени со овој закон.

Ако подносителот на барањето за остварување на правото од ставот 1 на овој член има брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница со навршени 65 години возраст, правото го остварува само едно од лицата.

Член 4

Право на социјална сигурност за старите лица, лицето од членот 3 став 1 од овој закон го остварува ако:

1. има државјанство на Република Северна Македонија;
2. има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето;
3. нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува;
4. не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и

5. не остварило приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето.

Условите од ставот 1 точки 3, 4 и 5 на овој член се однесуваат и за неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница.

Член 5

Право на социјална сигурност за старите лица не може да оствари лице кое со решение на центарот за социјална работа е сместено подолго од 30 дена во установа за вон-семејна социјална заштита, здравствена или друга установа.

Член 6

Висината на месечниот износ на правото на социјална сигурност за старите лица изнесува 6.000 денари.

Висината на месечниот износ на правото на социјална сигурност за старите лица, се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика во јануари во тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година не се врши усогласување на висината на правото на социјална сигурност за старите лица.

Член 7

Корисникот на правото на социјална сигурност за старите лица, има право на паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, за месеците од октомври до март.

Месечниот износ на висината на додатокот од ставот 1 на овој член изнесува 1.000 денари месечно, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година не се врши усогласување на висината на паричниот додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството.

Паричниот додаток од ставовите 1 и 2 на овој член, во случај кога корисникот е член на домаќинство се остварува само кога домаќинството не го користи овој додаток согласно со Законот за социјалната заштита.

Член 8

На корисникот на правото на социјална сигурност за старите лица му се обезбедува право на здравствена заштита, согласно со овој закон и прописите од областа на здравственото осигурување.

Здравствена заштита од ставот 1 на овој член се обезбедува само доколку не може да се стекне со осигурување по друга основа.

Член 9

Корисникот е должен да ја пријави материјалната и имотната состојба за себе, за брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, при поднесување на барањето и за време на користење на правото, да извести за промените во текот на користењето на правото, а кои влијаат на остварување и користење на правото, во рок од 15 дена сметано од настанувањето на промената, до надлежниот центар за социјална работа.

Член 10

Правото на социјална сигурност за старите лица престанува ако:

- корисникот при поднесувањето на барањето даде невистинити или нецелосни податоци за материјалната, семејната и имотната состојба за себе, брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница,
- корисникот не ја пријави промената на материјалната и имотната состојба за себе, брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, во текот на користењето на правото и
- корисникот со решение на центарот е сместен подолго од 30 дена во установа за вонсемејна социјална заштита или згрижувачко семејство, здравствена или друга установа.

Во случаите од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член правото на социјална сигурност за стари лица не може да се користи во наредните 12 месеци.

Член 11

Постапката за остварување на правото на социјална сигурност за старите лица се поведува по барање на лицето од членот 3 став 1 од овој закон или неговиот старател.

Член 12

Правото на социјална сигурност за старите лица се остварува од денот на поднесување на барањето од членот 11 од овој закон.

Правото на социјална сигурност за старите лица престанува со денот на престанокот на условите за користење на правото, утврдени со овој закон.

Член 13

По барањето за остварување на правото на социјална сигурност за старите лица во прв степен решава центарот за социјална работа, надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште или престојувалиште, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

По жалбата против решението од ставот 1 на овој член решава Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка по работен однос во втор степен.

Член 14

Министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот на утврдување на состојбата и видот на приходите, имотот и имотните права на подносителот и неговиот брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница, образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото на социјална сигурност за старите лица.

Член 15

Центарот за социјална работа, во постапката за остварување на правото на социјална сигурност за старите лица соодветно ги применува одредбите од  Законот за социјалната заштита.

Член 16

Средствата за финансирање на правото на социјалната сигурност за старите лица се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 17

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон, ќе  се донесе во рок од  еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.